# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КОНЧЕ

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Конче Бр.4/2009 | КОНЧЕ 09.03.2009 ГОДИНА | Излегува по потреба |
| e-mail:opstina.konce@mt.net.mk | ж.с/ка 735014073863019 | Д.Б.4023005118934 |


Врз основа на член 50 став 1 т.2 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02),Градоначалникот на општина Конче донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на актите донесени на 39-та седница на Советот на општина Конче одржана на ден 09.03.2009 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА**АТ актите донесени на 39-та седница на Советот на општина Конче одржана на ден 09.03.2009 година:

1. Завршна сметка на Буџетот на Единицата на локална самоуправа за 2008 г.
2. Заклучок за усвојување на Годишен извештај на општина Конче за 2008 г.
3. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Конче за 2009 г.
4. Програма за одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Конче за 2009 г.

5. Одлука за одобрување на парични средства на Ванчо Ристов од Ракитец.

5. Одлука за одобрување на вреќи цемент на Јованов Тони од с.Д.Липовиќ.
6. Одлука за пристапување на изработка на урбанистички план за вон населено место за стопански комплекс во КО Загорци.

**Број 08-191/ 10 Општина Конче**
**Дата 09.03. 2009 Градоначалник**
**Конче Стојан Лазарев с.р.**

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 09.03.2009 г. донесе:

## З А К Л У Ч О К

За усвојување на Годишен извештај на општина Конче за 2008 г.

1.Се **УСВОЈУВА** на Годишен извештај на општина Конче за 2008 г. Број 08-180/2 од 06.03.2009 г.

2. Заклучокот влегува со денот на неговото донесување а Ќе се објави во Службен гласник на општина Конче.

Број 07-191/4 Совет на
Дата 09.03. 2009 општина Конче
Конче Претседател
Славчо Петров с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 09.03.2009 г. донесе:

## О Д Л У К А

За одобрување на парични средства на Ванчо Ристов од с. Ракитец

Член 1

Со оваа Одлука се одобрuват парични средства на Ванчо Ристов од Ракитец во износ од 3000 денари како финансиска помош за операција на неговата сопруга Стојна Ристова.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 ден од денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 07-191/7 Совет на
Дата 09.03. 2009 општина Конче
Конче Претседател
Славчо Петровс.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 09.03.2009 г. донесе:

## О Д Л У К А

За одобрување на вреќи цемент на на Јованов Тони од с. Д.Липовиќ

Член 1

По Барање бр. 03-92/1 од 02.02.2009 г. од Јованов Тони од с. Д.Липовиќ поради лошата состојба во која се наоѓа неговото семејство му се одобруваат уште 30 вреќи цемент како помош за изградба на семејна куќа.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 ден од денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 07-191/8 Совет на
Дата 09.03. 2009 општина Конче
Конче Претседател
Славчо Петров с.р.

Врз ос нова на член 22 ст.1 т.1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02) и чл.11 ст.1 т.7 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 09.03.2009 година донесе:

ОДЛУКА

За пристапување на изработка на урбанистички план за вон населено место за стопански коплекс во КО Загорци

Член 1

Со оваа Одлука се прифаќа барањето на ДЗТ „Ајвазов"-с.Д.Липовиќ-Конче бр. 11/2009 од 09.03.2009 година за кое е потребно да се изработи Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс во КО Загорци.

Член 2

Со изработка и донесување на Планот ќе се уреди земјиштето со инфраструктура односно ќе се дефинира довод на електрична енергија и други инфраструктурни објекти.

Број 07-191/9 Совет на
Дата 09.03. 2009 општина Конче
Конче Претседател
Славчо Петров с.р.

Врз основа на член 22 ст.1 т. 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02) и чл.16.ст.3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита (Сл.весник на РМ бр.10/04),

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 09.03.2009 година донесе:

ОДЛУКА

За именување член во Управниот одбор на ЈЗУ „Здравен дом"-Радовиш

Член 1

Со оваа Одлука за член во УО на ЈЗУ „Здравен дом"-Радовиш се именува
Ѓорѓе Тодоровски член на Советот на општина Конче.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Конче".

Број 07-191/12 Совет на
Дата 09.03. 2009 општина Конче
Конче Претседател
Славчо Петровс.р.

***С О Д Р Ж И Н А***

1. Завршна сметка на Буџетот на Единицата на

локална самоуправа за 2008 г.

2.Заклучок за усвојување на Годишен извештај на општина Конче за 2008 г.

3.Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Конче за 2009 г.

4.Програма за одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Конче за 2009 г.

5.Одлука за одобрување на парични средства на Ванчо Ристов од Ракитец.

6. Одлука за одобрување на вреќи цемент на Јованов Тони од с.Д.Липовиќ.

7. Одлука за пристапување на изработка на урбанистички план за вон населено место за стопански комплекс во КО Загорци.
8. Одлука за именување член во УО на ЈЗУ Здравен Дом-Радовиш.